Друштво за комуникациски услуги
ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје
Бр. 09-3378/1
19 JUL 2012
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 19.07.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 977/11 | 5 | — |

До:

Агенција за електронски комуникации
ул. Димитрие Чуповски бр. 13
1000 Скопје
Република Македонија

Скопје, 19.07.2012

**Предмет: Доставување на коментари во врска со објавената јавна расправа по П Р А В И Л Н И К за начинот на пренос на СМС пораки кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културното богатство и туризмот во Република Македонија.**

Почитувани,

Агенцијата за електронски комуникации на 18.06.2012 година објави јавна расправа по П Р А В И Л Н И К за начинот на пренос на СМС пораки кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културното богатство и туризмот во Република Македонија (понатаму: Правилник). Во врска со предложеното, Вип оператор ги доставува своите мислења за предлог измени и/или дополнувања.

Ви посочуваме дека Вип оператор уште со допис наш бр. 09-2029/1 од 14.05.2012 година ги истакна своите гледишта и предлози по барањето за мислење на Агенцијата Ваш бр.02-977/4 од 08.05.2012 година, а во врска со член 29-1 став (7) од Законот за електронските комуникации кој исклучиво пропишува **бесплатно да се обезбеди пренос на СМС пораки и известувања** кои се однесуваат на заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културно богатство и туризмот на Република Македонија. Конкретно, Вип оператор наведе дека **не постои можност да се обезбеди услугата за прецизно утврдување на географската локација** како што

Company for communication services VIP OPERATOR DOOEL Skopje, Vasil Adzilarski bb 8th floor, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
www.vip.mk – Tel: +389 2 3100077 – Fax: +389 2 3110077 – Company ID: 6205275 – Tax ID: MK4030007627298

е предложено во член 7 од Правилникот, пред се поради технички ограничувања резултат на функционирањето на денес стандардизираните мобилни комуникациски мрежи. Имено уште еднаш посочуваме дека согласно релевантните технички стандарди за мобилни мрежи, постојат сериозни ограничувања прецизно да се утврди кога се одредува точната географската локација на корисникот, со оглед на фактот што историски гледано мобилните мрежи и стандарди не биле дизајнирани да обезбедуваат вакви локациски и/или телеметриски информации. Инхерентно вградените можности во стандардните мобилни мрежи даваат можност за одредување само на клетката под чие покривање се наоѓа мобилниот уред и груба положба во истата клетка со грануларност од неколку стотини метри растојание од антената ("timing advance"~500m), под претпоставка дека мобилниот уред се наоѓа во "connected mode". Исто така, истото не може да се обезбеди доколку мобилниот уред е во мирување ("idle mode"). Со оглед на имплементациските ограничувања во стандардните мрежи, лоцирањето на голем број на мобилни уреди на системски начин со погоре споменатите ограничувања не е практика кај операторите со оглед на грубата прецизност во лоцирањето како и високите дополнителни инвестиции кои не донесуваат корисни и употребливи локациски информации.

Дополнително, согласно нашите сознанија, испраќањето на голем број на известувања преку СМС пораки, ќе резултира со проблеми во работењето и односите со нашите роаминг партнери во случаите кога ќе се таргетираат корисниците кои имаат статус на посетители во Република Македонија т.н. "visitor roaming" корисници, за кои воглавно и ќе се однесуваат известувањата. Имено, реализацијата на ваквиот вид на СМС пораки со сигурност ќе се третира како испраќање на неконтролиран волумен на пораки без согласност на "visitor roaming" корисници или т.н. **"spam"**, што во официјалниот документ на GSMA BA.47 "Marketing Principles for Inbound Roaming" е утврден како сериозен кориснички прекршок (abuse of electronic messaging systems to indiscriminately send unsolicited bulk messages). При тоа, истото со сигурност ќе доведе до зголемен број на кориснички поплаки до матичните оператори (односно нашите роаминг партнери), што ќе биде основана причина истите да извршат блокирање на мобилните оператори од Република Македонија со цел заштита на своите корисници и во најлош случај да побараат раскинување на роаминг договорот со нив, што би значело меѓународна изолација и неможност граѓаните на Република Македонија да користат роаминг услуги во странство.

Така, техничките ограничувања и прашањата поврзани со "spam" претпоставуваме се сериозни причини како резултат на кои нема примена на предложениот начин за промовирање на националното и културно богатство и туризмот во **ниту една Европска земја**, што се потврди со направената споредбена анализа.

Како резултат на сето погоре изложено, а сепак со цел доследно исполнување на наведеното во член 29-1 став (7) од Законот за електронските комуникации, **го предлагаме следниов концепт** кој дава техничка возможност да се

имплементира преносот на конкретните СМС пораки и тоа исклучиво по барање на самиот корисник кој сака да добие известувања во врска со одредена локација:

(1) Поставување на "систем кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките" (имплементиран и управуван од Агенцијата за електронски комуникации или друго надлежно тело), а во кој ќе бидат содржани известувањата (со однапред утврдена содржина и јазик) во врска со заштитата, унапредувањето и промовирањето на националното и културно богатство и туризмот во Република Македонија за одредена локација;

(2) Секој од операторите на јавна комуникациска мрежа и/или давател на услуга ќе овозможи достапност до МСИСДН бро(ј/-еви) кој ќе го идентификуваат "системот кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките" односно конкретна локација. Така, доколку корисникот сака да добие известување во врска со одредена локација, ќе му биде овозможено **исклучиво на негова иницијатива** (со цел да се избегнат проблемите поврзани со "spam") преку бесплатно повикување на конкретен МСИСДН кој еднозначно е поврзан со конкретна локација, да воспостави повик до "системот кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките" што ќе тригерира да добие повратна СМС порака изгенерирана од "системот кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките" со соодветно известување за локацијата (посочуваме дека согласно нашите сознанија испраќањето на СМС порака наместо повик до МСИСДН кој идентификува апликација, а не краен корисник е технички невозможно во случај на роаминг претплатник, додека приемот на СМС порака од страна на роаминг претплатникот е возможно бидејќи тогаш во трансакцијата исклучиво се вклучени системите на домашниот оператор).

(3) Поставување на секоја соодветна локација "табла за информации" од страна на тело формирано од државен орган за промоција и поддршка на туризмот во РМ, на која ќе биде наведен телефонски број кон кој корисникот ќе може да иницира барање до "системот кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките".

На основа на погоре наведеното **ги предлагаме следниве измени и/или дополнувања на Правилникот**:

**<u>Член 6 се менува и гласи:</u>**

Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги треба на системот кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник да му обезбедат технички интерфејс за пристап до нивните мрежи, **по добиено писмено барање од страна на телото од членот 2**

**во кое ќе биде вклучена техничка спецификација на системот кој што ќе се користи за пренос на СМС пораките.**

**Член 7 се менува и гласи:**

Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги треба да обезбедат СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник да бидат проследени до своите претплатници и до роаминг претплатниците на нивните мрежи кога:

- Претплатниците или роаминг претплатниците ќе ~~**се најдат на растојание од 50 метри**~~ **повикаат МСИСДН број утврден согласно член 3 од овој правилник со цел да добијат** известување ~~**од**~~ **за конкретна** културна~~**та**~~ знаменитост (локалитет, споменик и сл.) определена како таква од страна на телото од членот 2 на овој правилник **или за** ~~**;**~~
~~**- Претплатниците или роаминг претплатниците ќе влезат или ќе излезат од**~~ зона која што од страна на телото од членот 2 на овој правилник е определена како зона од туристичко и културно значење за Република Македонија ( град, езеро, планина и сл.);
~~**- Роаминг претплатници за прв пат ќе се регистрираат на мрежата на операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги.**~~

**Член 8 се менува и гласи:**

Содржината и јазикот на СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник~~**,**~~ ~~**временската рамка на почеток и крај на испраќање на поединечна СМС порака како и периодичноста на испраќањето на СМС пораките т.е. периодот кога еден исти претплатник не може да прими две исти СМС пораки**~~ ги утврдува телото од членот 2 на овој правилник.

**Член 9 се менува и гласи:**

Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги ќе ги проследат СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник само на оние претплатници **кои преку повикување на МСИСДН број утврден согласно член 3 од овој правилник побарале да добијат СМС известување за конкретна културна знаменитост (локалитет, споменик и сл.) или зона од туристичко и културно значење за Република Македонија (град, езеро, планина и сл.) кои што од**

**телото од членот 2 на овој правилник се определени како такви ~~од кои имаат согласност за примање на ваков вид на СМС пораки~~.**

**<u>Член 10 се менува и гласи:</u>**

**~~Операторите и/или давателите на јавни мобилни комуникациски услуги треба на претплатниците да им обезбедат можност, доколку сакаат, да го откажат примањето на СМС пораките на телото од членот 2 на овој правилник.~~**
**За реализација на утврденото во членот 9 на овој правилник, телото од членот 2 на овој правилник ќе изврши поставување на секоја соодветна локација "табла за информации", на која ќе биде наведен конкретен МСИСДН број кој корисникот ќе може да го повика.**

ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје смета дека преку вака предложениот пристап на обезбедување на известувања по иницијатива на самиот претплатник, ќе се постигне замислената цел за промоција и поддршка на туризмот преку утврдениот начин во ЗЕК со бесплатни СМС пораки, а операторите на јавна комуникациска мрежа ќе бидат заштитени од ризикот на губење роаминг партнери во случај на прекумерно праќање на информативни пораки до корисниците ("spamming") и особено ако се има во предвид техничката неможност прецизно да се одреди географската локација и во реално време да се праќаат СМС пораките.

ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје стои на располагање за дополнителни информации.

vip
Друштво за комуникациски услуги
ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје

Со почит,

Никола Љушев,
Генерален директор,

ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје.